# Стратегија за економски развој на Општина Кисела Вода за период 2019-2022 година

Друштво за консултантски услуги Таргет Комуникации Скопје

Април 2019, Скопје

# СОДРЖИНА

Вовед ..... 5
Методологија на изработка на документот ..... 6
Намена на документот ..... 6
Кратко резиме ..... 7
Мисија ..... 7
Визија ..... 8
Профил на општината ..... 8
SWOT анализа ..... 10
Организација на локалната самоуправа Кисела Вода ..... 17
Месна самоуправа - урбани и рурални заедници ..... 19
Усогласеност на стратегиските приоритети со релевантните европски, национални и валидните регионални стратегиски документи ..... 20
Усогласеност со европски стратегии, планови и програми ..... 20
Усогласеност со стратегиските документи на Владата ..... 21
Евалуација на стратегијата за локален економски развој на општина Кисела Вода за период 2014-2018 година ..... 22
Стратешки насоки, цели и мерки за период 2019-2022 ..... 23
Акционен план на општина Кисела Вода за 2019-2022 ..... 33
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И ИНДИКАТОРИ ЗА УСПЕШНОСТ ..... 37
АНЕКС ..... 38

**Графикони:**

Графикон 1: Невработени лица во општина Кисела Вода ..... 9
Графикон 2: Невработени лица во општина Кисела Вода по полова структура ..... 10
Графикон 3: Активни деловни субјекти ..... 14
Графикон 4: Активни деловни субјекти по големина во општина Кисела Вода во 2016 година ..... 14
Графикон 5: Активни деловни субјекти по големина во општина Кисела Вода во 2017 година ..... 15
Графикон 6: Број на основани компании за период 2016-2018 година во општина Кисела Вода ..... 15
Графикон 7: Број на затворени компании за период 2016-2018 година во општина Кисела Вода ..... 16

**Табели:**

Табела 1:Подобрување и унапредување на стандардите и условите за живот на граѓаните ........ 30
Табела 2: Подобрување на економскиот развој во општината преку привлекување на домашни и странски инвестиции ........ 31
Табела 3: Подобрување на комуникацијата со граѓаните ........ 31
Табела 4:Подобрување на земјоделскиот и рурален развој ........ 31
Табела 5: Извори на финансирање ........ 33
Табела 6: Невработени лица (активни баратели на работа) и други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа), според школска подготовка и пол, евидентирани во Центар за вработување на Град Скопје, со место на живеење во Општина Кисела Вода , со состојба на 31.03.2019 година ........ 38
Табела 7: Невработени лица (активни баратели на работа) и други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа), според возраст и пол, евидентирани во Центар за вработување на Град Скопје, со место на живеење во Општина Кисела Вода , со состојба на 31.03.2019 година ........ 38
Табела 8: Ученици-студенти сместени во домови-интернати ........ 39
Табела 9: Доселени граѓани во општина Кисела Вода по години ........ 39
Табела 10: Отселени граѓани од општина Кисела Вода по години ........ 39
Табела 11: Корисници во јавни и приватни установи во општина Кисела Вода ........ 39
Табела 12: Деца и вработени во установи за згрижување во општина Кисела Вода ........ 39
Табела 13: Вработени во домови-интернати за ученици и студенти во општина Кисела Вода. 39
Табела 14: Ученици во средни училишта во општина Кисела Вода за учебна година 2017/2018 ........ 40
Табела 15: Ученици во основни училишта во општина Кисела Вода за учебна година 2017/2018 ........ 40
Табела 16: Наставници во средни училишта во општина Кисела Вода за учебна година 2017/2018 ........ 40
Табела 17: Наставници во основни училишта во општина Кисела Вода за учебна година 2017/2018 ........ 40

# Вовед

Стратешко планирање претставува процес во којшто се определуваат најважните приоритети преку дефинирање на стратешки насоки, цели, мерки и проекти и врз основа на расположивите средства се утврдуваат потребните средства за реализација на приоритетите преку буџетскиот процес.

Поставување на стратегии се прави со цел да се постигне долгорочната визија на оштината. Всушност тоа е процес што е континуиран и се обновува на одреден период секогаш во согласност со земање на сите внатрешни и надворешни влијанија на и во општината.

**Целта на овој документ е дефинирање на** стратегија за економски развој на Општина Кисела Вода. Таа ќе ги поддржи носителите на одлуки во општината во нивната работа со цел за успешно управување со економскиот развој на општината. Исто така, според приоритетите ќе ги насочи општинските ресурси кон подобрување на нивото на економската активност во општината, вработувањето, животниот стандард и благосостојбата на граѓаните.

Дефинираните долгорочни и краткорочни цели понатаму треба да се имплементираат. Практично со нивното имплементирање се очекува остварување на мисијата на Општина Кисела Вода.

## Методологија на изработка на документот

Со цел успешно дефинирање на стратегијата за економски развој на Општина Кисела Вода за период 2019-2022 и идно целосно имплементирање на истата се појави потреба од користење на методи на квантитативно и квалитативно истражување и анализа на примарни и секундарни податоци. Во рамки на тоа најпрво беа собрани и анализирани секундарните податоци со користење на официјалните стратешки документи од општината Кисела Вода; претходната петгодишна стратегија за ЛЕР за период 2014-2018 година; анализа на официјални податоци од Државен завод на статистика на Република Северна Македонија, Агенција за вработување на Република Северна Македонија и Централен регистар на Република Северна Македонија.

Претставувањето и анализата на секундарните податоци влезе во првиот дел на стратешкиот документ. Понатаму за прецизно дефинирање на стратешките насоки, цели и мерки за новата стратегија за економски развој, покрај секундарните податоци потребно беше да се организираат средби, работилници со засегнатите страни со цел да се дефинираат можностите за исполнување на истите. Средбите беа организирани во неколку наврати во вид на интервју, лице в лице со одговорните лица и групни работилници со засегнатите страни. Средбите се одржаа со цел да се идентификуваат потребите на општината и можностите за остварување на дефинираните долгорочни и краткорочни цели.

## Намена на документот

Потребата за исполнување на мисијата и визијата на општината наложува континуиран развој преку континуирано дефинирање и исполнување на стратешки насоки и цели. За таа цел, потребно е официјална изработка на стартешки документи, коишто претставуваат водич за општинските сектори и локалните засегнати страни. Документот „Стратегија за економски развој на Општина Кисела Вода“ е водечки документ што содржи акциски план за четири

годишен период. Документ со којшто општината во тој период формира и реализира проекти во насока на дефинираните стратегиски цели и мерки.

## Кратко резиме

Стратегијата за економски развој за 2019-2022 година се состои од: Анализа на моменталната состојба и потенцијалните трендови на опкружување; мисија и визија на општината; СВОТ анализа; идни стратешки насоки, цели и мерки и акциски план за реализација.

Во првиот дел е претставена анализа на моменталната состојба на општината, нејзините карактеристики и фактори што влијаат врз економскиот развој. Од самата анализа како слабости на општината се јавуваат: интензивна урбанизација, голем број на бесправно изградени објекти, непланско градење, бавна изработка и усвојување на планска документација, недоволна искористеност на големото земјоделско земјиште во приватна и државна сопственост и недоволно искористениот потенцијал за домашни и странски инвестиции.

Во вториот дел, дефинирани се четири долгорочни стратешки насоки за локалниот економски равој на општината: подобрување и унапредување на условите за живот и стандардот на граѓаните со седум стратегиски цели; подобрување на економскиот развој во општината преку привлекување на домашни и странски инвеститори со две стратегиски цели; подобрување на комуникацијата со граѓаните преку три стратегиски цели; подобрување на земјоделскиот и руралниот развој со две стратегиски цели.

Понатаму дефиниран е акцисиот план за остварување во наредните четири години во општината.

## Мисија

Мисијата на Општина Кисела Вода е континуирано одржлив економски развој за постојано унапредување на стандардот и условите за живот на граѓаните. Унапредување преку создавање на средина која обезбедува економска и

социјална благосостојба, безбедност, здрава околина и континуиран раст со ефикасно и ефективно управување на расположивите ресурси.

## Визија

Општина со стремеж кон модерно живеење со максимална искористеност на предностите на урбан живот со позитивните елементи на руралниот дел.

## Профил на општината

Општина Кисела Вода е една од скопските општини, која се издвојува од другите поради комбинираниот состав на урбано-рурална општина (60% е урбан дел, а 40% е рурален дел). Вкупната површина на општината Кисела Вода изнесува 46,86 км2, која зафаќа делови од Скопската котлина од десната страна на реката Вардар. Составен дел на општината се вкупно 13 населени места, односно населби од кои осум се урбани, а пет се рурални населби. Граничи со урбаните општини, Аеродром и Центар, како и со две рурални, Студеничани и Сопиште.

Источната граница на општината е Општина Центар. Северната граница се простира покрај железничката линија Скопје – Велес, патен правец со кој општината Кисела Вода граничи со Општина Аеродром. На источната и југоисточната страна граничи со општината Студеничани, а на јужната страна со планината Водно, каде се простира граничната линија со Општина Сопиште. Кисела Вода има правец на простирање исток - запад во должина од 14,2 км и правец, север - југ во должина од 3,3 км. Во рамките на ваквите гранични линии, општината Кисела Вода има површина од 46,86 $км^2$.

Според последниот официјален попис за население во Република Македонија на територијата на општина Кисела Вода живеат вкупно 57 236 жители.

Стапката на природен раст изнесува 4,2 проценти и брои 17 577 домаќинства, сместени во 20 237 станови.

Од вкупното население во Скопје, во Оштина Кисела Вода е лоцирано 9,9 отсто.

Просечната густина на население изнесува 99 жители на километар. Најголема густина се бележи во западниот дел на општината и изнесува 150 жители на километар, а најретката населена област е централната индустриска зона со помалку од 10 жители на километар.

Националната структура на населението: Македонци 91,2 %; Срби 2,62 %; Роми 1,34 %; Власи 1,18 %; Турци 0,86; %; Бошњаци 0,8 %; Албанци 0,47 %; и останати 1,53 %; (според пописот на население од 2002 година).

**Графикон 1: Невработени лица во општина Кисела Вода**




Извор: Агенција за вработување на Северна Република Македонија

Од податоците добиени од Агенцијата за вработување на Северна Република Македонија, а во однос на невработени лица (претставени на графикон 1), може да се заклучи дека во општина Кисела Вода, невработени лица кои се активни баратели на работа се вкупно 1.269, пасивни баратели на работа се 2.588, додека невработени лица и други лица кои бараат работа се вкупно 3.858.

**Графикон 2: Невработени лица во општина Кисела Вода по полова структура**




Извор: Агенција за вработување на Северна Република Македонија

Во однос на половата структура, од класификацијата невработени активни баратели на работа и невработени лица плус други лица кои бараат работа, во поголем број се мажи во споредба со бројот на жени. Додека од групата на невработени пасивни баратели на работа, поголем е бројот на жени во споредба со бројот на мажи (Графикон 2). Бројките на невработени лица поделени според школска подготовка укажуваат дека најголем дел се лица со завршено средно образование, без образование и основно образование и непотполно средно образование. Најмал број на невработени лица се доктори на науки и магистри.

## SWOT анализа

Во овој дел, анализите направени во претходните делови од стратешкиот документ се организирани и анализирани преку SWOT анализата (силни и слаби страни, можности и закани). SWOT анализата дава јасна слика за силните и слабите страни на една локална самоуправа, во случајов општината Кисела Вода, како и можностите и заканите кои општината би требало да ги земе во предвид при планирање на економскиот развој.

Силните и слабите страни на SWOT анализата генерално се однесуваат на внатрешната сегашна состојба на локалната самоуправа, додека можностите и заканите се генерално надворешни влијанија врз кои општината нема директна моќ.

| предности | слабости |
| --- | --- |
| ✓ Општина со стремеж кон модерно живеење со максимално искористување на предностите на урбан живот со позитивни елементи на руралниот дел.<br>✓ Близина до центарот на градот<br>✓ Близина до сите државни институции, меѓу градска автобуска станица и железничка станица<br>✓ Способност за обезбедување поддршка и активности за сите возрасни структури<br>✓ Најголем процент на земјоделско земјиште во Скопски плански регион<br>✓ Постоење на дефинирани индустриски зони за привлекување на домашни и странски инвеститори<br>✓ Природни локации за потенцијални инвеститори за | ✗ Стара водоводна, патна и канализациона инфраструктура<br>✗ Мал процент на државно земјиште со кое може да располага општината<br>✗ Непланска градба во минатите години, над 20 000 поднесени барања за легализација (обработени и необработени)<br>✗ Недостаток на промоција на постоечки туристички локалитети |

| | |
|---|---|
| голф терени | |
| **можности** | **закани** |

| | |
|---|---|
| ➢ Обезбедување на алтернативни извори на средства за реализација на проекти на општината<br>➢ Искористување на поволни можности за кредитирање<br>➢ Зајакнување на односи меѓу владините и локални институции / засегнати страни<br>➢ Економска диверзификација/ привлекување на инвеститори од разни сектори<br>➢ Можности за промоција на туристичките локалитети како дел од понудата на Град Скопје<br>➢ Можности за создавање нови работни места со користење на бенефиции од Агенцијата за привлекување на странски инвеститори<br>➢ Унапредување и промоција на земјоделството | • Недоволни финансиски ресурси за справување со инфраструктурни предизвици<br>• Бавен раст на економијата на државно ниво и ограничена економска моќ на граѓаните<br>• Бавно усогласување на надлежности на државно и локално ниво за поефикасно искористување на државното градежно и земјоделско земјиште. |

### Графикон 3: Активни деловни субјекти




Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база, Активни деловни субјекти по општини

Во однос на активни деловни субјекти, заклучно со 2017 година најзастапени се преработувачката индустрија со 321 претпријатие, градежништвото со 246 претпријатија, транспорт и складирање со 233 претпријатија, стручни, научни и технички дејности со 309 претпријатија и други услужни дејности со 210 претпријатија.

### Графикон 4: Активни деловни субјекти по големина во општина Кисела Вода во 2016 година




Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база, Деловни субјекти по големина по општини, 2016 година

**Графикон 5: Активни деловни субјекти по големина во општина Кисела Вода во 2017 година**




Извор: Државен завод за статистика, МакСтат база, Деловни субјекти по големина по општини, 2017 година

Според големина во 2017 година во општина Кисела Вода најголем број компании се микро со 64% од вкупниот број на активни деловни субјекти во општината и мали со учество од 34%.

**Графикон 6: Број на основани компании за период 2016-2018 година во општина Кисела Вода**




Извор: Централен регистар на Република Северна Македонија

Според податоците од Централен регистар на Република Северна Македонија за последните три години, може да се заклучи дека од вкупниот број на основани компании во сите три години, од 2017 до 2018 година општината Кисела Вода бележи зголемување од пет отсто.

**Графикон 7: Број на затворени компании за период 2016-2018 година во општина Кисела Вода**




Извор: Централен регистар на Република Северна Македонија

Во однос на бројот на згаснати претпријатија официјалните податоци укажуваат дека секоја година бројот на затворање на претпријатија се намалува. Најголем процент на затворени претпријатија дури 70%, е забележано во 2016 година.

Од погоре претставените резултати може да се заклучи дека во однос на развој на бизнис секторот, општина Кисела Вода бележи тренд на зголемување на бројот на основани компании, а намалување на бројот на затворени компании. Овој сегмент е еден од најважните во контекст на економскиот развој и воопшто за бизнис климата во општината, што директно влијае и врз намалување на процентот на невработеност.

## Организација на локалната самоуправа Кисела Вода

Надлежностите на единиците на локалната самоуправа се дефинирани во член 22 од Законот за локална самоуправа од 2002 година. Овие наделжности се подетално разработени во Статутот на Општина Кисела Вода 1 и се однесуваат на:

1. Планирање и уредување на просторот

- Покренување иницијативи за донесување, измена и дополнување на просторниот план на град Скопје и Генералниот урбанистички план на Градот Скопје; давање мислења за нацртите на просторниот план на Градот Скопје и Генералниот урбанистички план на градот Скопје;

- Донесување детални урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистички планови за населените места во општината и урбанистички планови надвор од населено место; спроведување урбанистички планови и издавање документација за изградба на објекти од локално значење (услови за градба, урбанистичка согласност, одобренија за градење); издавање на одобренија за поставување времени објекти, мебел и урбана опрема.

- Уредување на градежно земјиште во делот на опремување на градежното земјиште со објекти и инсталации од секундарната инфраструктура.

2. Заштита на животната средина и природата

- Покренување иницијативи и преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштитата од бучава и нејонизирачко зрачење;

3. Локален економски развој

- Планирање на локалниот економски развој на општината;

- Утврдување развојни и структурни приоритети на општината;

- Поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и претприемништвото во општината.

[1]http://www.kiselavoda.gov.mk/index.php/dokumentacija

4. Комунални дејности

- Изградба, одржување, реконструкција и заштита на сервисни и станбени улици и други инфраструктурни објекти;

- Одржување на јавната чистота на сервисните и станбените улици;

- Изградба и одржување на јавно осветлување на станбени и сервисни улици на подрачјето на општината;

- Изградба и одржување на јавни паркиралишта од значење за општината утврдени со урбанистички план;

- Одржување и користење на зеленилото;

- Одржување и користење на јавните пазари;

- Изградба и одржување на јавни санитарни јазли.

5. Култура

- Грижа за културните установи;

- Негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности;

- Организирање културни манифестации,

- Одбележување настани и личности од значење за општината.

6. Образование

- Управувањето со основните училишта на нејзиното подрачје, во согласност со Законот за основно образование;

- Именување директори на основните училишта во согласност со закон;

- Превоз и исхрана на учениците во училиштата од нејзината надлежност, во согласност со закон.

7. Социјална и детска заштита

- Одржување на јавните установи за деца; детски градинки, во согласност со законот.

- Преземање мерки од областа на социјалната заштита во согласност со закон.

Надлежностите на општината со кои влијае на локалниот економски развој се:

- Донесување детални урбанистички планови, издавање документација за изградба и издавање на одобренија за поставување времени објекти и урбана опрема.
- Планирање на локалниот економски развој на општината; утврдување развојни и структурни приоритети на општината; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и претприемништвото во општината
- Извршување на буџетот на општината
- Уредување на градежно земјиште
- Комунални дејности
- Заштита на животната средина
- Образование, култура, социјална и здравствена заштита

Месна самоуправа - урбани и рурални заедници

Управувањето со територијата на Општина Кисела Вода е организирано преку 15 месни заедници, од кои 10 се урбани и пет се рурални заедници, со цел да се овозможи демократско и поефикасно исполнување на граѓанските интереси. Урбани заедници се: Расадник; 11 Октомври - бараки; 11 Октомври - згради; Црниче; Пржино; Бирарија; Цветан Димов; Кисела Вода; Усје и Пинтија. Рурални заедници се: Драчево - населба; Драчево – село; Припор; Подстаница и Стаклара- Камник 2.

Во согласност со Статутот на Општината, највисок орган на месните заедници е Советот избран од граѓаните. Тој е составен од седум до 11 членови со мандат во времетраење од четри години. За претседател се избира член од редовите на Советот на месната заедница.

Преку Советот, граѓаните можат да даваат иницијативи и предлози што се од јавен или локален интерес до надлежните органи во општината.

Според Статутот на Општина Кисела Вода, граѓаните преку месната самоуправа се грижат за: решавање на прашања од комунална

[2] Повеќе информации на http://www.kiselavoda.gov.mk/index.php/2012-11-08-11-26-20

инфраструктура за соодветното подрачје; изградба и одржување на објекти од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.); заштита на животната средина и природата; уредување и одржување на гробиштата во селските населби; покренување иницијатива за уредување на просторот; организирање културни, спортски, забавни и други манифестации и други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

## Усогласеност на стратегиските приоритети со релевантните европски, национални и валидните регионални стратегиски документи

## Усогласеност со европски стратегии, планови и програми

Стратегијата за економски развој на општина Кисела Вода е усогласена со европската „Стратегија за економски раст 2020“, која ги опфаќа целите и водечките иницијативи за иден економски регионален развој. Дополнително, дел од целите, кои исто така се опфатени во оваа стратегија се младите, образованието, вработување и претприемништво.

*Стратегија за Југоисточна Европа 2020 (ЈИЕ 2020)* претставува одраз на решителноста на сите влади во Југоисточна Европа за прифаќање на храбрите пристапи во политиките што се неопходни за постигнување на потребниот економски и социјален раст за подобрување на просперитетот на сите свои граѓани и за олеснување на евентуалното интегрирање во ЕУ.

*Акцискиот план - Претприемништво 2020 на ЕУ,* претставува план за решителна заедничка акција за искористување на претприемачкиот потенцијал на Европа, отстранување на постоечките пречки и револуционизирање на културата на претприемништвото во Европа. Тој има за цел да го олесни отворањето на новите претпријатија и да создаде многу поповолно опкружување за напредување и раст на постоечките претприемачи.

Акцискиот план ги поддржува образованието и обуката за претприемништво за поддршка на раст и отворање на нови претпријатија; зајакнување на рамковните услови за претприемачите преку отстранување на постоечките структурни бариери и нивна поддршка во круцијалните фази во деловниот

циклус; распламтување на културата на претприемништво во Европа: „поддршка на новата генерација претприемачи“.

## Усогласеност со стратегиските документи на Владата

Во однос на стратегиските документи донесени од страна на Владата на Северна Република Македонија, стратешките насоки донесени на ниво на општина се во согласност со:

*План за економски раст* со опфат на сите три столба, коишто вклучуваат нови работни места, инвестициски проекти, раст на конкурентност, иновативност и поддршка на МСП.

*Национална стратегија за МСП (2018-2023)* – таа, исто така опфаќа три главни столба со програми за: Поволно деловно окружување; Зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП; Динамичен екосистем на претприемништво и иновации.

*Индустриска политика (2009-2020 г.)* - ја нагласува важноста на МСП и претприемништвото за зголемувањето на нето растот преку подобро финансирање и создавање деловно опкружување. А, тоа ги поттикнува претприемачкиот дух, доживотното учење и промовирањето на иновациите. Таа го поддржува зајакнувањето на глобалните синџири за снабдување преку подобри партнерства со големите извозници.

*Национална стратегија за иновации (2012-2020)* - цели кон започнување на трансформација на земјата во економија заснована врз знаења што е способна да биде конкурентна на меѓународните пазари преку нејзината обучена работна сила и иновативни претпријатија.

*Стратегијата за претприемачко учење (2013-2020*) има за цел да ја подобри конкурентноста на МСП - особено на оние што се раководени од млади лица и жени - за успешно конкурирање на пазарите на ЕУ.

При изработката на стратегијата за економски развој, предложените мерки се усогласуваат според стратегиските документи и програми на трите повисоки органи на власт: Влада на Северна Република Македонија, Скопски плански регион и Град Скопје.

## Евалуација на стратегијата за локален економски развој на општина Кисела Вода за период 2014-2018 година

Претходната стратегија за ЛЕР на општина Кисела Вода која го опфаќа периодот 2014-2018 година содржела вкупно четири главни стратешки насоки од кои произлегле 19 стратешки цели, 49 мерки и  и 188 проекти.

Првата главна стратешка насока била: ***Подобрување и унапредување на условите за живот и стандарди на граѓаните,*** која опфаќала седум стратешки цели и 23 мерки. Од нив во периодот од четири години целосно се реализирани седум мерки, делумно се реализирани осум мерки, а нереализирани се три мерки.

Втората стратешка насока била: ***Подобрување и диверзификација на економските активности и привлекување на нови бизниси и инвеститори,*** која целосно била опфатена со три стратешки цели и седум мерки од кои целосно се реализирани две мерки, а делумно реализирани се пет мерки. Делумната реализација на петте мерки од втората главна стратешка насока е поради тоа што општината не ја поседува надлежноста за нивна целосна реализација.

***Зголемување на процентот на вработеност во општината*** била трета главна стратешка насока во претходната стратегија, која опфаќала три стратегиски цели и шест мерки од кои нема целосно реализирани мерки, поради тоа што општината нема целосна надлежност за успешна реализација на истите.

Четврта стратешка цел била ***јакнењето на комуникацијата со граѓаните, невладините организации и бизнис секторот.*** Оваа стратешка насока опфаќала три стратегиски цели и пет мерки. Од нив целосно се реализирани две мерки, а како нереализирани се јавуваат три мерки.

Последната стратешка насока е поврзана со унапредување на земјоделството и руралниот развој во општината опфатена со три стратешки цели и осум мерки од кои сите осум се делумно реализирани.

Според бројот на остварени, целосно реализирани и делумно реализирани проекти од стратегијата за ЛЕР за периодот 2014-2018 година, може да се заклучи дека општина Кисела Вода во периодот од тие четири години остварила околу 80% од предложените стратегиски цели и мерки. Останатите 20% нереализирани мерки се резултат на надлежности кои се вон влијание на општината.

## Стратешки насоки, цели и мерки за период 2019-2022

Стратегијата за економскиот развој е водечки документ за секоја општина, којшто дефинира и дава насоки за подобрување на квалитетот на живот преку реализација на стратегиски цели. Тие ќе ја унапредат општината, ќе ја направат економски јака за граѓаните и конкурентна за соседните општини, како и привлечна за домашни и странски инвеститори. Во таа насока стратегијата за економски развој на општина Кисела Вода за период 2019-2022 ги опфаќа следниве стратешки насоки:

1. Подобрување и унапредување на условите за живот и стандардот на граѓаните и постоечките економски субјекти
2. Подобрување на економскиот развој во општината преку привлекување на домашни и странски инвестиции
3. Подобрување на комуникацијата со граѓаните
4. Подобрување на земјоделството и рурален развој

## Подобрување и унапредување на условите за живот и стандард на граѓаните

Една општина е напредна и има здрава иднина кога граѓаните кои живеат во неа претставуваат приоритет, а нивните услови и стандарди за живот се секогаш во прв план. Во општина Кисела Вода секогаш приоритетна, прва и главна стратешка насока е подобрување и унапредување на условите за живот и стандардот на граѓаните, како и економските субјекти кои живеат и функционираат во неа. Првата цел содржи вкупно седум стратегиски цели и 12 мерки. Според евалуацијата на претходната стратегија и според потребата на

засегнатите страни за остварување на долгорочната стратешка насока број 1- се јавува потреба од остварување на следниве стратегиски цели:

1.1 Подобрување на комунална инфраструктура

Оваа стратегиска цел ги опфаќа мерките: подобрување на водоводна и канализациона мрежа, овозможување на услови за паркирање и подобрено улично осветлување. Проектите што треба да се реализираат за успешно остварување на оваа стратегиска цел ќе придонесат кон намалување на процентот на домаќинства во општината, кои засега не се поврзани со водоводна и канализациона мрежа, потоа изградба и уредување на паркови, како и лоцирање на цветен пазар.

Уредувањето на паркинг места и мапирање на слободни парцели за изградба на подземни и катни гаражи се јавува како голема потреба за решение на проблемот со паркирање на граѓаните.

Уличното осветлување е значаен чинител за сообраќајот и јавната безбедност, но обезбедувањето на добра видливост во ноќните часови бара голема потрошувачка на електрична енергија и пари. Уличното осветлување е важен фактор за безбедност во сообраќајот и истото е голема ставка во буџетот на општината. Токму, јавното улично осветлување е еден од јавните сервиси што можат поефикасно да се управуваат со користење на технологијата. Општината веќе има подготвено физибилити студија за подобрување на уличното осветлување и треба да донесе одлука како истата ќе ја имплементира.

Општина Кисела Вода предводена од визијата за користење на најдобрите светски практики, а со цел да се овозможи висок квалитет на урбаното живеење, се обидува да пронајде нови начини за подобрување на услугите кон граѓаните, а притоа да се оптимизираат процесите и да се намалат трошоците.

1.2 Урбанизам и животна средина

Урбанизмот во општината има за цел постигнување на плански развој преку носење на детални урбанистички планови, со цел за подобрување на квалитетот на живот. Урбанизамот опфаќа и дефинирање на потенцијални локации за домашни и странски инвеститори. Со усвојување на деталните урбанистички планови, коишто во моментов се во фаза на изработка ќе се

искористат слободните локации за инвестирање во голем шопинг центар што недоставува во општината, како и во големи станбено-деловни комплекси со повеќе содржини. Тие директно ќе придонесат кон зголемен економски развој на општината.

Во однос на животната средина, приротет имаат проектите за намалување на загадувањето: подигнување на свесноста на граѓаните во користење на енергенси што не ја загадуваат животната средина, субвенционирање на енергетски ефикасни фасади и субвенционирање на печки на пелети.

## 1.3 Патна инфраструктура

Во однос на патната инфраструктура планирани се: реализација на пат кон „Три круши“, ул. „Саса“ во Пинтија, ул.„Живко Јосифов“, Улица 1. село Усје, улица „Мариовка“ и пат кон Теферич, Дренак.

Дополнително се потребни помали интервенции за реализација на пешачки патеки на неколку локации во општината, што ќе ја олеснат секојдневната рутина на граѓаните. Се предлага пешачката патека кај „Сивус“ да се уреди и оспособи за непречено движење на граѓаните како во дневните така и во вечерните часови.

Се предлага да се уредат и скалите кај студентски дом Пелагонија, со што би се овозможило брз и лесен пристап до Водно. Исто така, потребно е да се направат и уредат пешачки патеки што ќе овозможат лесен и безбеден пристап до туристичките места Теферич, Пеленица и Марково крувче.

## 1.4 Култура

Целта на оваа мерка е продолжување на културните настани, кои се традиција во општината, но и воведување на нови. Едеен од новите предлози е да се воведе настан за промоција на кромидот во населба, Драчево.

Во периодот на важност на оваа стратегија се планира пуштање во употреба на кино „Билјана“ во Кисела Вода.

## 1.5 Социјална заштита и превенција

Под социјална заштита и превенција се планира продолжување на проектите кои минатите години дале добри резултати: еднократна помош за новороденчиња; едукација на наставниот кадар во основните училишта за подобрување на образовниот процес за деца со посебни потреби; обезбедување на дефектолози и образовни асистенти за дел од децата во основните училишта и обезбедување на негувателки во јавните градинки преку проект на УНДП.

1.6 Спорт и млади

Основната цел ќе се реализира преку спроведување на веќе традиционалните меѓу училишни спортски натпревари, преку финасиска подршка и унапредување на спортски клубови, како и вклучување на што поголем број на млади во организација на истите. Тоа ќе придонесе кон продолжување на развојот на спортскиот дух кај помладите генерации, од една страна, а ќе придонесе и кон поздрав живот на младите од друга.

1.7 Активности за граѓани од третото доба

Последната стратегиска цел од првата стратешка насока ги опфаќа граѓаните од третото доба преку проекти кои ќе опфатат здружување, формирање групи како и уредување на простории, каде граѓаните од третото доба ќе можат да го поминуваат слободно време.

***Подобрување на економскиот развој во општината преку привлекување на домашни и странски инвестиции***

Еден од основните фактори кои даваат значителен придонес кон економскиот развој на една општина се континуираните инвестиции. Поради тоа, втора стратешка насока е „Подобрување на економскиот развој во општината преку привлекување на домашни и странски инвестиции.“

Стратешката насока број 2 содржи вкупно две цели и три мерки и тоа:

2.1 Зголемување на бројот на инвестиции

За оваа стратегиска цел потребно е реализација на проект што ќе опфати детално мапирање на локации за инвестиции, индустриски зони и изработка на општински водич за инвеститори. Со тоа би се добила јасна прегледност на се што нуди општината во поглед на идни инвестиции. **Се препорачува да се идентификуваат локации за изградба на голф терени и изградба на саем**. Со оглед на тоа, дека општината нема доволно средства се препорачува да се направат: физибилити студија за оправданост од воспоставување на јавно приватно пратнерство за изградба, управување и оджување на голф терени и физибилити студија за оправданост од воспоставување на јавно приватно пратнерство за изградба, управување и оджување на саем. Израдбата на голф терени може да придонесе во збогатување на туристичката понуда, и директно во зголемување на бројот на туристи, кое пак посредно влијае на одобрување на економската состојба на општината. Изградбата на саем, исто така би донело повеќе придобивки. Со оглед на тоа што постоечкиот саем се сруши и во моментот не постои саем, атрактивноста би била голема и лесно би можело да се најдат приватни инвестотори, кои би инвестирале. Оваа инвестиција исто би придонела за повеќе позитивни придобивки, како што се зголемување на вработеноста, зголемување на посетеноста на општината, кои индиректно влијаат на позитивниот економски раст на општината.

2.2 Проширување на туристичката понуда

Промоцијата на туристичката понуда ќе придонесе кон поголема посетеност на општината од домашни и странски туристи. Туристичката понуда на општина Кисела Вода се локалитетите: Теферич, Пеленица и Марково труфче. Се препорачува општината да реализира проекти со кои трите локации ќе бидат соодветно означени, исчистени и лесно достапни. Бидејќи трите локации сами по себе не се доволни за формирање на туристичка понуда се препорачува истите да се вклучат во понудите на Град Скопје.

## *Подобрување на комуникацијата со граѓаните*

Стратешката насока 3, е креирана со цел подобрување на комуникацијата со граѓаните. Истата содржи вкупно три цели и шест мерки.

3.1 Е-комуникација

Стратегиската цел, Е-комуникација претставува овозможување и достапност на Е-услуги на граѓаните, како и реализирање на проект за поставување на безжичен интернет на фреквентни места во општината. Во време на развој на технологијата, кога е-комуникацијата станува неопходност, потребно е на граѓаните да им се овозможи достапност до интернет.

3.2 Јакнење на капацитетот за работа со млади

Преку вклучување во проекти, волонтерски содржини и креирање на настани за професионално насочување на младите, би се остварила стратегиската цел јакнење на капацитетот за работа со млади.

3.3 Јакнење на капацитетот за работа со граѓани од трето доба

Како значаен процент на население по возрасна структура, граѓаните од трето доба во општината би биле вклучени во проекти кои ги реализира општината. Проектите би се организирале во соработка со Здружение на пензионери на општина Кисела Вода.

## *Подобрување на земјоделскиот и рурален развој*

Земјоделството и руралниот развој заземаат многу важно место во креирањето на стратешки насоки во стратегијата за економски развој на општина Кисела Вода. Специфика е токму можноста за модерно живеење со максимално искористување на предностите на урбан живот со позитивни елементи на руралниот дел. Подобрување на земјоделството и руралниот развој-стратешка насока број четри содржи вкупно две цели и три мерки.

4.1. Мапирање на земјоделското земјиште

Стратегиската цел 4.1 опфаќа проект со кој ќе се направи детално мапирање на земјоделското земјиште со класификација на земјиштето (државно и приватно) и ќе се испитаат можностите за пренамена на дел од земјиштето од земјоделско во градежно.

.4.2. Промоција на земјоделството

Промоција на земјоделството опфаќа проекти со кои би се реализирале мерките за промоција на производи со географско потекло стандардизирани

според ЕУ стандарди и проекти за можности за изградба на собирен центар за продажба на свежо овошје и зеленчук. Идентификација на еден производ за кој ќе се направи заштитен бренд. Предлог: заштита на брендот „драчевски кромид“.

Подобрување на состојбата на индивидуалните земјоделци и правни лица заинтересирани за инвестиции во земјоделството и руралниот развој се очекува да се постигне и со искористување на финасиска помош од ИПАРД програмата, како и средства од други домашни и меѓународни фондови за поддршка на земјоделството и руралниот развој.

| Табела 1:Подобрување и унапредување на стандардите и условите за живот на граѓаните | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред.бр** | **Стратешка насока** | **Стратешка цел** | **Мерки** | **Квалитативни индикатори** | **Квантитативни индикатори** |
| 1 | Подобрување и унапредување на условите за живот и стандардот на граѓаните | 1.1.Унапредување на комуналната инфраструктура | 1.1.1. Водоводна и канализациона мрежа (намалување на % на домаќинства кои не се поврзани кон водоводна и канализациона мрежа) | Процент на домаќинства кои немаат пристап до водоводна и канализациона мрежа –да се намали до 20% | 5 |
| | | | 1.1.2. Паркови и урбана опрема | број на уредени паркови | 3 |
| | | | 1.1.3. Простор за паркирање | дефинирани паркинг зони | 3 |
| | | | 1.1.4. Улично осветлување (изградба и одржување) | Број на светилки | |
| | | 1.2.Урбанизам и животна средина | 1.2.1. Намалување на загадувањето (заштита на животна средина и природа) | превземени и реализирани мерки | |
| | | | 1.2.2. Изработка на урбанистички планови | Број на урбанистички планови | |
| | | | 1.2.3.Кофинансирање од страна на општината за реконструкција на фасади на станбени згради на територијата на општина Кисела Вода | Број на станбени згради | |
| | | | 1.2.4.Субвенционирање во набавка на печки на пелети и инвертер клима уреди за домаќинства на територија на општина Кисела Вода | Број на домаќинства | |
| | | 1.3.Патна инфраструктура | 1.3.1. Изградба, реконструкција на улици и патишта и уредување на пешачки патеки | број на уредени патеки | 5 |
| | | 1.4.Култура | 1.4.1. Организација на културни настани | број на реализирани настани | 12 |
| | | 1.5.Социјална заштита и првенција | 1.5.1. Грижа за лица со посебни потреби | број на згрижени деца | 30 |
| | | | 1.5.2.Доделување на еднократна парична помош на новородени деца во Општина Кисела Вода | Број на исплати за новороденчиња | 2000 |
| | | | 1.5.3.Доделување на огревно дрво на социјално-ранливите категории на територијата на општина Кисела Вода | Број на домаќинства | |
| | | 1.6.Спорт и млади | 1.6.1.Организација на спортски | број на реализирани натпревари | 800 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | натпревари | | |
| | | | 1.6.2. Поддршка и унапредување на спортски клубови | број на поддржани клубови | 80 |
| | | | 1.6.3. Работа со млади | број на млади вклучени во настани и проекти | 1000 |
| | | | | | |
| | **Табела 2: Подобрување на економскиот развој во општината преку привлекување на домашни и странски инвестиции** | | | | |
| **Ред.бр** | **Стратешка насока** | **Стратешка цел** | **Мерки** | **Квалитативни индикатори** | **Квантитативни индикатори** |
| **2** | | 2.1. Зголемен обем на инвестиции | 2.1.1.Студии за мапирање на локации за инвеститори - (голф терени и саем) и ЈПП | Мапирани локации и индустриски зони и изработка на студија за мапирање на локации за инвеститори, изработени физибилити студии за ЈПП за голф терени и саем | 2 |
| | | 2.2. Проширување на туристичката понуда | 2.2.1.Уредување на туристички локалитети | Подобрување на туристички локалитети | 2 |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | **Табела 3:Подобрување на комуникацијата со граѓаните** | | | | |
| **Ред.бр** | **Стратешка насока** | **Стратешка цел** | **Мерки** | **Квалитативни индикатори** | **Квантитативни индикатори** |
| **3** | **Подобрув ање на комуникац ијата со граѓаните** | 3.1.Е-комуникација | 3.1.1.Е-услуги за граѓаните | процент на искористеност на е-услуги | |
| | | | 3.1.2.Достапен бежичен интернет | | |
| | | 3.2.Јакнење на капацитетот за работа со млади | 3.2.1.Вклучување во проекти (волонтерство) | процент на вклученост во проекти | 20 |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | **Табела 4:Подобрување на земјоделскиот и рурален развој** | | | | |
| **Ред.бр** | **Стратешка насока** | **Стратешка цел** | **Мерки** | **Квалитативни индикатори** | **Квантитативни индикатори** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4** | **Подобрување на земјоделскиот и рурален развој** | 4.1.Студија за мапирање на земјоделско земјиште | 4.1.1 Изработена студија за мапирање на земјоделско земјиште | Број на студија | 1 |
| | | 4.2.Промоција на земјоделството | 4.2.1.Промоција на производи со географско потекло, стандардизиран квалитет според ЕУ барања<br><br>4.2.2.Изградба на цветен пазар | Број на брендирани производи<br><br>Број на изградени пазари | 1<br><br>1 |
| | | 4.3.Рурален развој | 4.3.1.Искористување на ИПАРД средствата и средства од домашни и меѓународни фондови за поддршка на земјоделството и руралниот развој | Број на одобрени ИПАРД проекти; Број на одобрени апликации за користење на средства за поддршка на земјоделството и руралниот развој на Влада на РСМ. | 3 |

## Акционен план на Општина Кисела Вода за 2019-2022

Во акциониот план претставен во табелата подолу пренесни се главните стратешки цели и мерки и потребните финансии за остварување на истите. Така за остварување на првата стратешка цел потребни се 589.200.000,00 денари (9.503.226,00 евра), за втората стратешка цел потребни се 6.000.000,00 денари (96.774,00 евра), за третата стратешка цел 4.200.000,00 денари (67.742,00 евра) и за четвртата стратешка цел 4.900.000,00 денари (79.032,00 евра). **Вкупно за целосно успешно остварување на стратегијата за идните четири години потребни се 604.300.000,00 денари односно 9.746.774,00 евра**.

**Табела 5: Извори на финансирање**

| Извори на финансирање | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Повисоки органи на власта | | Општина | | Донатори | | Други извори на кредитирање | | Вкупно за четири години | |
| | | МКД | % | МКД | % | МКД | % | МКД | % | МКД | % |
| **Подобрување и унапредување на стандардите и условите за живот на граѓаните** | | | | | | | | | | **589.200.000,00** | |
| **1.1.Унапредување на комуналната инфраструктура** | 1.1.1. Водоводна и канализациона мрежа (намалување на % на домаќинства кои не се поврзани кон водоводна и канализациона мрежа) | | | | | | | | | 91.200.000,00 | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.1.2. Паркови и урбана опрема | | | | | | | | | 22.800.000,00 | |
| | 1.1.3. Простор за паркирање | | | | | | | | | 188.400.000,00 | |
| | 1.1.4. Улично осветлување (изградба и одржување ) | | | | | | | | | 96.400.000,00 | |
| **1.2.Урбанизам и животна средина** | 1.2.1. Намалување на загадувањето (заштита на животна средина и природа) | | | | | | | | | 6.000.000,00 | |
| | 1.2.2. Изработка на урбанистички планови | | | | | | | | | 22.000.000,00 | |
| | 1.2.3.Кофинансирање од страна на општината за реконструкција на фасади на станбени згради на територијата на општина Кисела Вода | | | | | | | | | 24.000.000,00 | |
| | 1.2.4.Субвенционирање за набавка на печки на пелети и инвертер клима уреди за домаќинства на територија на општина Кисела Вода | | | | | | | | | 6.000.000,00 | |
| **1.3.Патна инфраструктура** | 1.3.1. Изградба, реконструкција на улици и патишта и уредување на пешачки патеки | | | | | | | | | 100.000.000,00 | |
| **1.4.Култура** | 1.4.1. Организација на културни настани | | | | | | | | | 4.160.000,00 | |
| **1.5.Социјална заштита и првенција** | 1.5.1. Грижа за лица со посебни потреби | | | | | | | | | 640.000,00 | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.5.2.Доделување на еднократна парична помош на новородени деца во Општина Кисела Вода | | | | | | | | | 12.000.000,00 | |
| | 1.5.3.Доделување на огревно дрво на социјално-ранливите категории на територијата на општина Кисела Вода | | | | | | | | | 4.000.000,00 | |
| **1.6.Спорт и млади** | 1.6.1.Организација на спортски натпревари | | | | | | | | | 4.000.000,00 | |
| | 1.6.2. Поддршка и унапредување на спортски клубови | | | | | | | | | 5.200.000,00 | |
| | 1.6.3. Работа со млади | | | | | | | | | 2.400.000,00 | |
| **Подобрување на економскиот развој во општината преку привлекување на домашни и странски инвестиции** | | | | | | | | | | **6.000.000,00** | |
| **2.1. Зголемен обем на инвестиции** | 2.1.1.Студии за мапирање на локации за инвеститори и ЈПП | | | | | | | | | 3.000.000,00 | |
| **2.2. Проширување на туристичката понуда** | 2.2.1.Уредување на туристички локалитети | | | | | | | | | 3.000.000,00 | |
| **Подобрување на комуникацијата со граѓаните** | | | | | | | | | | **4.200.000,00** | |
| **3.1.Е-комуникација** | 3.3.1.Е-услуги за граѓаните | | | | | | | | | 2.500.000,00 | |
| | 3.3.2.Достапен безжичен интернет | | | | | | | | | 1.300.000,00 | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.2.Јакнење на капацитетот за работа со млади** | 3.2.1.Вклучување во проекти (волонтерство) | | | | | | | | | 200.000,00 | |
| **3.3.Јакнење на капацитетот за работа со граѓани од третото доба** | 3.3.1.Вклучување во проекти (волонтерство) | | | | | | | | | 200.000,00 | |
| **Подобрување на земјоделскиот и рурален развој** | | | | | | | | | | **4.900.000,00** | |
| **4.1.** | 4.1.1.Студија за мапирање на земјоделско земјиште | | | | | | | | | 1.000.000,00 | |
| **4.2.Промоција на земјоделството** | 4.2.1.Промоција на производи со географско потекло,стандардизиран квалитет според ЕУ барања | | | | | | | | | 2.400.000,00 | |
| | 4.2.2.Изградба на цветен пазар | | | | | | | | | 1.500.000,00 | |
| **4.3.Рурален развој** | 4.3.1. Искористување на ИПАРД средствата и средства од домашни и меѓународни фондови за поддршка на земјоделството и руралниот развој | | | | | | | | | 0 | |
| **ВКУПНО ЗА 4 ГОДИНИ ВО ДЕНАРИ**<br><br>**ВКУПНО ЗА 4 ГОДИНИ ВО ЕВРА** | | | | | | | | | | **604.300.000,00**<br><br>**9.746.774,00** | |

# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И ИНДИКАТОРИ ЗА УСПЕШНОСТ

Секторот за локален економски развој на општина Кисела Вода претставува главен координатор за имплементирање на стратешките цели, нивен мониторниг и евалуатор. Активностите кои ќе ги води секторот се:

- остварувње на планираните цели и мерки преку нивна реализација
- имплементација на целите и мерките преку претходно подготвен план
- следење на индикаторите за успешност
- евалуација на сите цели и мерки и процент на реализираност на годишно ниво

# АНЕКС

**Табела 6: Невработени лица (активни баратели на работа) и други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа), според школска подготовка и пол, евидентирани во Центар за вработување на Град Скопје, со место на живеење во Општина Кисела Вода , со состојба на 31.03.2019 година**

| | Општина Кисела Вода | Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образование | | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| **1** | Невработени лица (активни баратели на работа) | 1269 | 593 | 315 | 133 | 284 | 93 | 434 | 218 | 14 | 5 | 204 | 134 | 17 | 10 | 1 | 0 |
| **2** | Други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) | 2588 | 1296 | 752 | 319 | 609 | 263 | 880 | 485 | 34 | 21 | 285 | 188 | 27 | 20 | 1 | 0 |
| **3** | Невработени лица + Други лица кои бараат работа | 3857 | 1889 | 1067 | 452 | 893 | 356 | 1314 | 703 | 48 | 26 | 489 | 322 | 44 | 30 | 1 | 0 |

**Табела 7: Невработени лица (активни баратели на работа) и други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа), според возраст и пол, евидентирани во Центар за вработување на Град Скопје, со место на живеење во Општина Кисела Вода , со состојба на 31.03.2019 година**

| | Општина Кисела Вода | Вкупно | | Од 15-19 години | | Од 20-24 години | | Од 25-29 години | | Од 30-34 години | | Од 35-39 години | | Од 40-44 години | | Од 45-49 години | | Од 50-54 години | | Од 55-59 години | | 60 години и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| 1 | Невработени лица (активни баратели на работа) | 1269 | 593 | 15 | 10 | 67 | 38 | 90 | 57 | 85 | 54 | 86 | 57 | 94 | 37 | 102 | 45 | 155 | 80 | 296 | 123 | 279 | 92 |
| 2 | Други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) | 2588 | 1296 | 15 | 6 | 94 | 40 | 163 | 81 | 198 | 103 | 197 | 110 | 261 | 130 | 293 | 147 | 349 | 190 | 364 | 218 | 654 | 271 |
| 3 | Невработени лица + Други лица кои бараат работа | 3857 | 1889 | 30 | 16 | 161 | 78 | 253 | 138 | 283 | 157 | 283 | 167 | 355 | 167 | 395 | 192 | 504 | 270 | 660 | 341 | 933 | 363 |

**Табела 8: Ученици-студенти сместени во домови-интернати**

| | | 2015/2016 |
|---|---|---|
| | | Вкупно ученици-студенти |
| Кисела Вода | Машки | 465 |
| | Женски | 501 |

**Табела 9: Доселени граѓани во општина Кисела Вода по години**

| Доселени граѓани во ново место на живеење од поранешното место на живеење | | | |
|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 |
| | | | |
| Кисела Вода | 353 | 370 | 327 |

**Табела 10: Отселени граѓани од општина Кисела Вода по години**

| Отселени граѓани на Република Македонија од поранешно место на живеење во ново место на живеење | | | |
|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 |
| Кисела Вода | 128 | 156 | 171 |

**Табела 11: Корисници во јавни и приватни установи во општина Кисела Вода**

| | 2015 | | | | 2016 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јавна | | Приватна | | Јавна | | Приватна | |
| | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи |
| Кисела Вода | - | - | 54 | 24 | - | - | 72 | 40 |

**Табела 12: Деца и вработени во установи за згрижување во општина Кисела Вода**

| Деца и вработени во установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки / центри за ран детски развој по пол, општини и години | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | | | | 2016 | | | | 2017 | | | |
| | Деца | | Вработени | | Деца | | Вработени | | Деца | | Вработени | |
| | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки |
| Кисела Вода | 1007 | 1065 | 243 | 18 | 1107 | 1163 | 256 | 16 | 1203 | 1195 | 256 | 17 |

**Табела 13: Вработени во домови-интернати за ученици и студенти во општина Кисела Вода**

| Вработени во домови-интернати за ученици и студенти според занимањето | | | |
|---|---|---|---|
| Кисела Вода | 2015/2016 | | |
| | Вкупно | | |
| | Вкупно | Машки | Женски |
| | 78 | 42 | 36 |

**Табела 14: Ученици во средни училишта во општина Кисела Вода за учебна година 2017/2018**

| Ученици во средни училишта, по пол, по општини и учебна година | | |
|---|---|---|
| | 2017/2018 | |
| | ученички | ученици |
| Кисела Вода | 1068 | 889 |

**Табела 15: Ученици во основни училишта во општина Кисела Вода за учебна година 2017/2018**

| Ученици во основни училишта, по пол и учебни години | | |
|---|---|---|
| Кисела Вода | 2017/2018 | |
| | ученички | ученици |
| | 2611 | 2679 |

**Табела 16: Наставници во средни училишта во општина Кисела Вода за учебна година 2017/2018**

| Наставници во средни училишта, по пол, по општини и учебни години | | |
|---|---|---|
| | 2017/2018 | |
| | жени | мажи |
| Кисела Вода | 129 | 40 |

**Табела 17: Наставници во основни училишта во општина Кисела Вода за учебна година 2017/2018**

| Наставници во основни училишта, по пол и учебни години | | |
|---|---|---|
| Кисела Вода | 2017/2018 | |
| | жени | мажи |
| | 334 | 55 |